# С Л У Ж Б Е Н   Г Л А С Н И К
## НА ОПШТИНА КРУШЕВО

**19.04.2023 год.** **Бр.V**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 и член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на Р.Македонија" бр.5/2002) и член 62 став 1 точка 3, член 68 и 97 од Статутот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007, 16/2014, 7/19 и 7/20), Градоначалникот на Општина Крушево донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на актите донесени на**
**29-та седница на Советот на Општина Крушево**
**одржана на ден 18.04.2023 година**

1.СЕ ОБЈАВУВААТ актите донесени на 29-та седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 18.04.2023 година.

2.Актите на Советот на Општина Крушево да се објават во Службен гласник на Општина Крушево.

3. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во службен гласник на Општина Крушево.
**Бр.09-504/1 од 19.04.2023 Крушево**
**Градоначалник на Општина Крушево**
**м-р Томе Христоски, с.р.**

Врз основа на член 94 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007; 16/2014, 7/19 и 7/20) и член 110 и 150 од Деловникот за работа на Советот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2008), Советот на Општина Крушево на 29-та седница, одржана на 18.04.2023 година го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**СЕ УСВОЈУВА** записникот од 28-та седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 03.04.2023 година.

Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општината Крушево, согласно член 62 став 4 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на Р.Македонија" бр.5/2002).
**Бр.08-484/3 од 18.04.2023 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 49 и 50 од Статутот на Општина Крушево („Службен гласник на општина Крушево" бр.1/2007, 16/2014, 7/2019 и 7/2020), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 18.04.2023 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за кофинансирање на проектот**
**Набавка на монтажна бина**

**Член 1**
Со оваа Одлука се дава согласност Општина Крушево да учествува со кофинансирање во имплементацијата на проектот **Набавка на монтажна бина во износ од 500.000,00денари.**

**Член 2**

Општина Крушево во имплементацијата на проектот ќе кофинансира финансиски средства во износ од 500.000,00 денари, а средствата ќе бидат обезбедени од Буџетот на Општината за 2023 година.

**Член 3**

Пријавата за финансирање на наведениот проект се поднесува до Министерството за култура на Република Северна Македонија во рамките на средствата од капиталната дотација за финансирање на инвестициони проекти во областа на културата за 2023 година.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Крушево“.

**Бр.08-484/4 од 18.04.2023 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ” бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 49 и 50 од Статутот на Општина Крушево („Службен гласник на Општина Крушево“ бр.1/2007, 16/2014, 7/2019 и 7/2020), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 18.04.2023 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**за кофинансирање на проектот**
**Реконструкција и адаптација за Домот на култура „Наум Наумовски – Борче“ Крушево**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност Општина Крушево да учествува со кофинансирање во имплементацијата на проектот **Реконструкција и адаптација за Домот на култура „Наум Наумовски – Борче“ Крушево со средства во износ од 500.000,00 денари.**

**Член 2**

Општина Крушево во имплементацијата на проектот ќе кофинансира финансиски средства во износ од 500.000,00 денари, а средствата ќе бидат обезбедени од Буџетот на Општината за 2023 година.

**Член 3**

Пријавата за финансирање на наведениот проект се поднесува до Министерството за култура на Република Северна Македонија во рамките на средствата од капиталната дотација за финансирање на инвестициони проекти во областа на културата за 2023 година.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот објавувањето во „Службен гласник на Општина Крушево“.

**Бр.08-484/5 од 18.04.2023 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 3; член 36 став 1 точка 15 и член 62 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ” бр.5/2002), член 18 став 1 точка 3 и член 94 од Статутот на Општина Крушево („Службен гласник на Општина Крушево“ бр.1/2007, 16/2014, 7/2019 и 7/2020), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 18.04.2023 година, донесе:

**О Д Л У К А**

**за усвојување на „Интегриран план за локален развој на Општина Крушево за периодот 2023-2027 година“**

**Член 1**

Со оваа Одлука се усвојува „Интегриран план за локален развој на Општина Крушево за периодот 2023-2027 година“.

**Член 2**

Составен дел на оваа Одлука е интегралниот текст на „Интегриран план за локален развој на Општина Крушево за периодот 2023-2027 година“.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот објавувањето во „Службен гласник на Општина Крушево“.

**Бр.08-484/6 од 18.04.2023 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.05/02) и член 79, 80 и 80-а од Законот за градење-(пречистен текст „Сл.весник на РМ“ бр. 70/2013), („Сл.весник на РМ“ бр. 79/2013, 137/2013, 163/2013, 27/2014, 28/2014, 42/2014, 115/2014, 149/2014, 187/2014, 44/2015, 129/2015, 217/2015, 226/2015, 30/2016, 31/2016, 39/2016, 71/2016, 132/2016, 35/2018, 64/2018 и 168/2018 и „Сл.весник на РСМ“ бр. 244/19, 18/20, 279/20 и 227/22), член 21 став 1 точка 49, 50 од Статутот на Општина Крушево („Сл. Гласник на Општина Крушево“ бр.01/2007, 16/2014, 7/2019 и 7/2020), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 18.04.2023 година, донесе:

***П Р О Г Р А М А***
***за измена и дополнување на***
***програмата за поставување на урбана опрема***
***на подрачјето на Општина Крушево за 2023 година***

1. Со оваа програма се врши измена и дополнување на програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Крушево за 2023 година бр.08-1407/12 од 27.12.2022 година, во подточка 2.1 Критериуми за определување на видот на урбаната опрема, после точка V, се дополнува точка VI и гласи:

***VI. Опрема во функција на туристички, културни настани, информативни и рекламни паноа.***

Со оваа програма се предвидува локација за поставување на опрема во функција на туристички, културни настани, информативни и рекламни паноа.

2.Точка 3. ***Начин и услови за поставување и одржување на урбана опрема*** се дополнува и изменува со подточка VI и гласи:

VI. **За поставување опрема во функција на туристички, културни настани, информативни и рекламни паноа**

1. Извод од графичкиот прилог на програмата, со микролокациски услови
2. Потребна документација согласно законска регулатива

3.Оваа измена и дополнување влегува во сила со денот на објавување во _Службен гласник на Општина Крушево и станува составен дел на Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Крушево за 2023 година бр.08-1407/12 од 27.12.2022 година.
**Бр.08-484/7 од 18.04.2023 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1 точка 10 и 15 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на Р.Македонија” бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 38, 49 и 50 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007; 16/2014, 7/19 и 7/20) и член 2, 3 и 4 од одлуката за определување на критериуми за доделување на финансиска помош од Буџетот на Општина Крушево бр.07-669/10 од 15.06.2009 година, а по Барање бр.08-394/1 од 20.03.2023 година од Димко Коларoски од Крушево, Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 18.04.2023 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за исплата на финансиски средства**

1. ДА СЕ ИСПЛАТИ сума од 5.000,00 (пет илјади) денари по барање бр.08-394/1 од 20.03.2023 година од Димко Коларoски од Крушево ул.„Нико Доага“ бр.83 со ЕМБГ 1603963443005;




2. Средствата да бидат исплатени на трансакциска сметка бр.200000665506419 депонент AD Стопанска Banka Скопје, од сметката на Буџетот на Општина Крушево.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.
**Бр.08-484/8 од 18.04.2023 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1 точка 10 и 15 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на Р.Македонија” бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 38, 49 и 50 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007; 16/2014, 7/19 и 7/20) и член 2, 3 и 4 од одлуката за определување на критериуми за доделување на финансиска помош од Буџетот на Општина Крушево бр.07-669/10 од 15.06.2009 година, а по Барање бр.08-459/1 од 03.04.2023 година од Елдис Муховиќ од с.Борино Крушево, Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 18.04.2023 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за исплата на финансиски средства**

1. ДА СЕ ИСПЛАТИ сума од 5.000,00 (пет илјади) денари по барање бр.08-459/1 од 03.04.2023 година од Елдис Миховиќ од с.Борино-Општина Крушево со ЕМБГ 0612994440026;

2. Средствата да бидат  исплатени на трансакциска сметка бр.300027105137321 депонент AD Комерцијална Banka Скопје, од сметката на Буџетот на Општина Крушево.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.
**Бр.08-484/9 од 18.04.2023 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 и 15 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр.5/2002), член 41 став 8 од законот за основното образование („Сл.весник на РСМ“ бр.161/19 и 229/20) и член 21 став 1 точка 38, 49 и 50 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007; 16/2014, 7/19 и 7/20), а по Барање бр.03-61/1 од 29.03.2023 година од ООУ „Никола Карев“ Крушево, Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 18.04.2023 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за исплата на финансиски средства**

1. ДА СЕ ИСПЛАТИ сума од 5.000,00 (пет илјади)  денари  по барање бр.03-61/1 од 29.03.2023 година од ООУ „Никола Карев“ Крушево;

2. Средствата да бидат  исплатени на сметка бр.740010629760315, ЕДБ 4016978100099 и МБ 4009673 од сметката на Буџетот на Општина Крушево.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.
**Бр.08-484/10 од 18.04.2023 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

**С О Д Р Ж И Н А**

**Ре.бр.** **стр.**

1.Заклучок за објавување на актите донесени на 29-та седница на Советот на Општина  Крушево ... 1
2. Заклучок за усвојување на записникот од 28-та седница на Советот на Општина Крушево ......... 1
3. Одлука за кофинансирање на проектот Набавка на монтажна бина ............................................... 1
4. Одлука за кофинансирање на проектот Реконструкција и адаптација за Домот на културата „Наум Наумовски-Борче“ Крушево .... 2
5. Одлука за усвојување на „Интегриран план за локален развој на Општина Крушево за периодот 2023-2027 година“ ............................................. 2
7. Програма за измена и дополнување на програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Крушево за 2023 година ........................................................................... 3
8. Решение за исплата на финансиски средства по барање од Димко Коларoски од Крушево ........... 3
9. Решение за исплат на финансиски средства по барање од Елдис Миховиќ од с.Борино ............. 4
10. Решение за исплата на финансиски  средства по барање на ООУ „Никола Карев“ Крушево ......... 4

Редакциски одбор на Општина Крушево-самостоен референт Кире Николоски.

**ОПШТИНА КРУШЕВО**

**Предлагач:** **Градоначалник на Општина Крушево**
**Изготвувач:** **Одделение за локален економски развој**

***ИНТЕГРИРАН ПЛАН ЗА ЛОКАЛЕН РАЗВОЈ НА ОПШТИНА КРУШЕВО***
***за периодот 2023-2027 година***

**Крушево, МАРТ 2023**

## СОДРЖИНА


ПРЕДГОВОР ........................................................................................................................ 3

ВОВЕД ВО СТРАТЕШКОТО ПЛАНИРАЊЕ НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ .............. 4

КООРДИНАЦИЈА И РАБОТНИ ТЕЛА ............................................................................ 10

ИЗВРШУВАЊЕ (СПРОВЕДУВАЊЕ) И НАБЉУДУВАЊЕ (СЛЕДЕЊЕ) ....................................12

ПРОФИЛ НА ОПШТИНАТА ..........................................................................................13

Историја на Крушево ....................................................................................................13

Географска положба на Општина Крушево ................................................................ 14

Климатски карактеристики ............................................................................................15

Хидрографија ................................................................................................................15

Вегетација ......................................................................................................................15

Сообраќајна инфраструктура ........................................................................................16

Демографски податоци ..................................................................................................16

Економски карактеристики ............................................................................................18

Индустриска зона ОПАЛЕНИК ...................................................................................... 21

Банки и други финансиски институции ........................................................................ 23

SWOT АНАЛИЗА ............................................................................................................ 24

ВИЗИЈА ЗА ОПШТИНАТА КРУШЕВО ............................................................................27

СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ И ПРИОРИТЕТИ ..........................................................................28

МЕРКИ ЗА НАЧИНОТ КАКО ТОА ЌЕ ГО ОСТВАРИМЕ..............................................30

АКЦИОНЕН ПЛАН..........................................................................................................34

ПРОЕКТИ И АКТИВНОСТИ............................................................................................34

БУЏЕТСКИ ПРЕДВИДУВАЊА..........................................................................................35

ПРОЕКТИ..........................................................................................................................36

КЛУЧНИ ИНДИКАТОРИ НА УСПЕШНОСТ......................................................................47

СПРОВЕДУВАЊЕ..............................................................................................................49

МОНИТОРИНГ И СЛЕДЕЊЕ............................................................................................50

СТРАТЕГИЈА ЗА КОМУНИКАЦИЈА..................................................................................50

**ПРЕДГОВОР**

Предлог Интегриран план за локален развој на општина Крушево во периодот 2023 – 2027, претставува стратешки документ, кој во себе ги интегрира искуствата од претходно изработените стратешки документи, потенцијалите на расположивите ресурси во општината, како и актуелните моменти во процесот на децентрализација во Република Македонија.

Стратешкиот документ за локален економски развој на општина Крушево врз база на визијата и SWOT анализата, идентификува стратешки цели, приоритети , и мерки од кои произлегуваат активности/проекти, кои го трасираат патот за развој на општината, при тоа да ги искористи сопствените јаки страни и надворешните можности, а да ги надмине слабостите и да се соочи со надворешните закани како со предизвици.

Подготовката на Интегрираниот план за локален развој, вклучува учество на различни чинители (членови на Советот, граѓани, бизнис заедница, групи на цивилното општество и др.) со цел одредување на стратешките цели, приоритети и мерки на кои треба да се фокусира општината, а кои ги одразуваат нивните потреби. Партиципативниот пристап беше постојано присутен во процесот на стратешко планирање.

Носител на изработката на **Интегриран план за локален развој** беше работната група формирана од општината која вклучуваше претставници на Советот на општината, Градоначалникот со општинскиот раководен тим, државни службеници од одделенијата за локален економски развој и урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина, ЈКП Комуна, претприемачи и други релевантни локални експерти.

Не сакајќи да се запре само на изработката на стратешкиот документ а со цел да се задржи позитивниот момент на ентузијазам и ангажираност на учесниците, работната група, визијата и стратешките цели за развој на општината ги преточи во соодветни проекти и истите ќе бидат детално разработени во рамките на процесот на акционото планирање.

Почитувани членови на Советот на општина Крушево, Ви го предлагам овој Интегриран план за локален развој за период од 2023-2027 година како водилка во локалнио економски развој на општината и истиот молам да го усвоите и со тоа да направиме уште еден чекор кон фокусирање, мобилизирање и искористувањето на сопствените ресурси во целокупниот развој на нашата општина.

Градоначалник,

## ВОВЕД ВО СТРАТЕШКОТО ПЛАНИРАЊЕ НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

Управувањето со било која општина не е рационално доколку нема планирање. Севкупните долгорочни цели треба да ги насочуваат деталните краткорочни планови и активностите кои се базираат врз нив.

**Долгорочното планирање** се фокусира на тоа како општината ќе изгледа на крајот на некој одреден временски период, вообичаено помеѓу 5 и 20 години во иднина. Стратешкото планирање се фокусира на стратегиите како да се стигне дотаму. Во зависност од стабилноста на општеството и неговото темпо на развој, стратешкото планирање може да се подготви како долгорочно планирање но истотака и како **среднорочно планирање** гледајќи 3-7 години кон иднината. Врз основа на Законот за Буџетите, јавната администрација на Република Северна Македонија се фокусира на 3 годишно стратешко планирање**.**

Легалитетот ИПЛР на општина Крушево го црпи од Законот за Локална самоуправа,член 22, став 1, точка 3 („Сл. Весник на Р.М.“ бр.5/2002) , каде една од надлежности на општините е и Локалниот економски развој: Општината е надлежна за локалниот економски развој на подрачјето на својата територија, што подразбира планирање на локалниот економски развој; утврдување на развојните и структурните приоритети; водење на локалната економска политика; подршка на развојот на малите и средните претпријатија и на претприемништвото на локално ниво и во тој контекст, учество во воспоставувањето и развојот на локалната мрежа на институции и агенции за промовирање на партнерство, како и од Статутот на општина Крушево („Сл.гласник на општина Крушево“ бр.1/2007 и 16/2014).

## ДОПИРНИ ТОЧКИ НА ИПЛР СО КОХЕСИВНАТА ПОЛИТИКА 2021-2027 НА ЕУ

Кохесивната политика 2021 – 2027 на ЕУ е документ кој придонесува кон зајакнување на економската, социјалната и територијалната кохезија на Европската Унија. Планира активности и поставува приоритети кои адресираат повеќе аспекти, со посебен фокус на зелена и дигитална транзиција.

Кохесивната политика 2021 – 2027 предвидува 5 цели:

- Конкурентна и „паметна“ ЕУ;
- Зелена транзиција;
- Европа со подобрена мобилност и повисоко ниво на поврзливост;

- Повеќе социјална и инклузивна Европа;
- Одржлив развој за сите територии на ЕУ за Европа да стане поблиска до граѓаните.

„Зелена“ и „паметна“ ЕУ го има врвот на приоритетите за периодот од 2021 година до 2027 година. ИПЛР на општина Крушево ги следи овие приорите и заложби и се движи кон дигитална трансформација и зелена транзиција. Во пракса, овие процеси се веќе активни, особено во делот за „зелена“ транзиција преку инвестиции во изградба на фотоволтаични електрани.

Во предвидениот период општина Крушево ќе ги насочи своите проектни апликации и барања за имплементација на проекти кои опфаќаат дигитализација на процесите и користење на природните ресурси за економично греење и ладење на институциите. Своите проекти ќе ги насочува кон заштита на животната средина и преку тоа обезбедување на одржлив развој.

ИПЛР вклучува активности за зголемување на поврзливоста, преку изградба на патишта, пред се’, но и подобрување на условите во образованието со цел да се обезбеди поголема инклузицја за граѓаните на општина Крушево.

## ДОПИРНИ ТОЧКИ НА ИПЛЕ СО СТРАТЕГИЈА ЗА РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА 2021-2031

Стратешките цели:

**Стратешка цел 1**: Прамномерно економски развиени, еколошки одржливи и конкурентни плански региони низ доследно спроведена паметна социјализација и посилно стимулирање на приватните инвестиции во синергија со јавните инвестиции

Приоритет 1.1.: Програмирање и спроведување на јавните инвестиции во функција на обезбедување порамномерен регионален развој

Приоритет 1.2.: Обезбедување пошироки стимулации и насочување на приватните инвестиции кон планските региони кои заостануваат во развојот.

Приоритет 1.3: Изградба на транспортна, телекомуникациска и енергетска инфраструктура со порамномерна дистрибуција во планските региони.

Приоритет 1.4.: Регионален пристап при концепирање на политиките за поддршка на претприемништвото и развој на индустријата

Приоритет 1.5.: Подобрување на структурата на работната сила во планските региони и инвестирање во човечки капитал.

Приоритет 1.6.: Развој на земјоделството и рурален развој заснован на споредбените предности на планските региони

Приоритет 1.7.: Намалување на негативните влијанија и подобрена заштита на животната средина во планските региони, постигнување поголема отпорност на климатските промени и водење на подинамичен и повеќекратно зголемен инвестициски циклус

**Стратешка цел 2**: Атрактивни плански региони со унапредени локални услуги, ефективен пристап до пазарот на труд, обезбеден повисок степен на родова еднаквост и ефективна социјална заштита на најранливите групи од населението.

Приоритет 2.1.: Стимулирање на развојот на недоволно развиените, депопулационите подрачја и подрачјата со специфични развојни потреби.

Приоритет 2.2.: Создавање на систем на современо просторно планирање со силна регионална компонента и создавање на инфраструктура на знаење во областа на регионалното просторно планирање.

Приоритет 2.3.: Обезбедување поголема социјална кохезија меѓу и во рамките на планските региони.

Приоритет 2.4.: Обезбедување повисок степен на родова еднаквост во планските региони.

Приоритет 2.5.: Развој на средното и основното образование според спецификите на планските региони, низ оптимизација на мрежите на училишта и согласно потребите на пазарот на труд.

Приоритет 2.6.: Постепено надминување на инфраструктурните диспаритети помеѓу планските региони во културата, спортот и ркреацијата и противпожарната заштита.

**Стратешка цел 3**: Значително зајакната политика за регионален развој, подобрени финансиски инструменти за нејзино спроведување и изградени административни капацитети на централно, регионално и локално ниво.

Приоритет 3.1.: Подобрување на нормативната рамка за рамномерен регионален развој

Приоритет 3.2.: Унапредена координација при спроведување на политиката за рамномерен регионален развој, мониторинг, оценување и известување на постигнатите резултати

Приоритет 3.3.: Обезбедување поголемо чувство на сопственост од страна на локалните и регионални чинители врз политиката на рамномерен регионален развој и изградба на нивните капацитети.

Изработката на овој стратешки документ во себе ги инкорпорира и соодветствува со документи и развојни планови и од национален и регионален карактер:

1. НАЦИОНАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ 2009-2030
2. НАЦИОНАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА МАЛИ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА 2018-2023
3. СТРАТЕГИЈА ЗА РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА 2021-2031
4. ПРОГРАМА ЗА РАЗВОЈ НА ПЕЛАГОНИСКИ ПЛАНСКИ РЕГИОН 2021-2026
5. ТРИГОДИШНИ РАЗВОЈНИ ПЛАНОВИ НА ОПШТИНАТА СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА БУЏЕТИТЕ

ИНТЕГРИРАЛ ПЛАН ЗА ЛОКАЛЕН РАЗВОЈ НА ОПШТИНА КРУШЕВО

Донесувањето на ИПЛР го следи следниот органограм:

Постапката на подготовка и донесување на ИПЛР  на Општина Крушево  е дизајнирана со цел да и овозможи на локалната самоуправа  да ги имплементира успешните искуства на локалните самоуправи од развиените локални заедници кои се карактеризираат со :

1. Ориентираност кон ИДНИНАТА
2. Фокусирање на тоа ШТО сакаат да постигнат
3. Мобилизирање КАКО тоа да го постигнат
4. Партиципирање на сите засегнати страни во процесот на планирањето
5. Транспарентност на процесот
6. План за имплементација
7. Финансиски план
8. Организациски план
9. Мониторинг и следење на имплементацијата
10. Евалуација

**Стратешко планирање е процесот на одредување на тоа што општина Крушево има намера да биде во иднина (визија), поставување на стратешките цели, приоритети, мерки и активности/проекти, со кои ќе стигне дотаму. Целта е да се изнајде најдобра иднина за општината и најдобриот пат за да се стигне до оваа дестинација.**

Следејќи ги горе наведените карактеристики , стратешкото планирање на локалниот економски развојот во Општина Крушево,  ја дефинира **ВИЗИЈАТА** која гласи**:**

## ВИЗИЈА

**КРУШЕВО – препознатлива дестинација со разнообразна туристичка понуда преку цела година. Крушево да биде посакувано еколошко место за живеење, град на историја и култура, развиени мали бизниси и рурален развој.**

**Стратешкото планирање на локалниот економски развој**, претставува еден вид чадор за сите други планови во општината, и вклучува фундаментални избори за иднината на општинската организација дефинирани како:

- Стратешките цели,
- Приоритети,
- Мерки и

- Активности/проекти

со кои, после нивната имплементација, општината ќе ја постигне визијата.

Задржување на основните Методолошки принципи на создавање на здрави односи со релевантните засегнати страни во општината со обид истите на транспарентен начин да се вклучат преку нивно директно учество и придонес во процесот на изработка, но пред се во процесот на нејзино спроведување. Ова произлегува од самиот процес на изготвување на планот, каде најголем дел од работите/податоците само се пренесуваа ( со извесна доработка) од постојната Стратегија со инкорпорирање на другите општински планови или програми заради предзнакот Интегриран.

. Општината може да го организира на различни начини локалниот економски развој во приватниот сектор со цел да создава **пријателски настроена деловна средина** во општината и да ги планира своите промотивни активности, како и активностите за соработка.

Партиципативниот пристап на стратешко и акционо планирање беше поддржан од **носителот на процесот** – м-р Томе Христоски - градоначалник на Општина Крушево, а за координинација и имплементација на процесот на планирање се формираа соодветни тела избрани на транспарентен начин почитувајќи ги критериумите на компетентност и заинтересираност на секој од неговите членови.

## КООРДИНАЦИЈА И РАБОТНИ ТЕЛА

За координирање и водење на процесот на подготовка на Стратегијата локален економски развој на Општина Крушево се формира **Координативно тело** во состав:

| Реден бр. | Име и презиме | Општина/Организација |
|---|---|---|
| 1 | Татјана Хасану | Одделение за локален економски развој |
| 2 | Сотир Габелоски | Одделение за локален економски развој |
| 3 | Васил Јошески | Одделение за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина |
| 4 | Андреј Николоски | Претседател на Совет на Општина Крушево |
| 5 | Милка Најденоска Цветкоска | Одделение за финансирање и буџет |
| 6 | Таки Кардула | Одделение за локален економски развој |
| 7 | Кире Аврамоски | Одделение за локален економски развој |

Во процесот на стратешкото планирање особено е потребна бројност и структурна разноликост на учесниците во работните групи со цел да се имаат во предвид ставот и идеите на поширокото граѓанство.

Подготовката на Интегрираниот план за развој се реализира преку активно учество и работа на следните работни групи :

### 1. Работна група за туризам

| Реден бр. | Име и презиме | Општина/Организација |
|---|---|---|
| 1 | Андреј Николоски | Совет на општина Крушево |
| 2 | Андријана Ристеска | Хотел Монтана Палас |
| 3 | Методија Котески | Совет на општина Крушево |
| 4 | Драгана Куртеска Филипоска | ЕЛС одделение за урбанизам |
| 5 | Ѓорги Христоски | Здружение за туризам и угостителство |
| 6 | Игор Тодевски | Хелио клуб - Крушево |
| 7 | Мери Чавкароска | Здружение за туризам и угостителство |
| 8 | Марија Петреска | Приватни издаватели на соби |
| 9 | Лефкија Гажоска | НУ спомен куќа Тодор Проески |

### 2. Работна група за занаетчиство, мали и средни бизниси

| Реден бр. | Име и презиме | Општина/Организација |
|---|---|---|
| 1 | Сотир Габелоски | ЕЛС одделение за урбанизам |
| 2 | Влатко Златески | НВО Од млади За млади |
| 3 | Сашо Дамјаноски | Совет на општина Крушево |
| 4 | Драган Јанкоски | НВО Академик Крушево |
| 5 | Васил Јошески | ЕЛС одделение за урбанизам |
| 6 | Андигона Ангелеска | НВО Центар за хумани односи |
| 7 | Гоце Ристески | Инен Декор |
| 8 | Захарина Христоска | НВО Крушевска жена |

### 3. Работна група за рурален развој

| Реден бр. | Име и презиме | Општина/Организација |
|---|---|---|
| 1 | Хурем Хибрахим | Совет на општина Крушево |
| 2 | Славица Стефаноска | Мин. за земјоделие –подрачна единица |
| 3 | Петар Стојаноски | АПРЗ работна единица Крушево |
| 4 | Пеце Стеваноски | Здружение на пчелари |
| 5 | Кире Павлоски | Дооел Трстеник Опаленик |
| 6 | Занија Сулејманоски | Мин. за земјоделие –подрачна единица |
| 7 | Орде Мицкоски | Мин. за земјоделие –подрачна единица |
| 8 | Михајло Николоски | АПРЗ работна единица Крушево |

### 4. Работна група за екологија

| Реден бр. | Име и презиме | Општина/Организација |
|---|---|---|
| 1 | Даница Кондоска | ЈП Комуна Крушево |
| 2 | Ружица Трајаноска | Инспекторат Општина Крушево |
| 3 | Станка Ефремова – Трајкоска | ЈП Комуна Крушево |
| 4 | Ташули Филипоски | ОУ Никола Карев Крушево |
| 5 | Суат Абдулаи | Инспекторат Општина Крушево |
| 6 | Васил Јошески | Одделение за урбанизам, раководител |

| | | |
|---|---|---|
| 7 | Дина Ѓорческа | НВО Крушевска жена |

**5. Работна група за култура и историја**

| Реден бр. | Име и презиме | Општина/Организација |
|---|---|---|
| 1 | Тома Тана | НУ Историски Музеј Крушево |
| 2 | Даница Јанакиески | НУ Историски Музеј Крушево |
| 3 | Бети Талеска | НУ спомен куќа Тодор Проески |
| 4 | Глигур Ангелески | НУ Историски Музеј Крушево |
| 5 | Кире Аврамоски | ЕЛС одделение за ЛЕР |
| 6 | Евгенија Јуца | ЕЛС одделение за ЛЕР |
| 7 | Захарија Ангелеска | Дом на култура Н.Н.-Борче Крушево |

Процесот на Стратешкото планирање локалниот економски развој имаше одредена динамика на активности во која свој придонес дадоа како членовите на работните групи, координативното тело, така и Градоначалникот на Општината Крушево.

Изработката на Интегриран план за локален развој се реализираше во октомври 2022 – март 2023 и се базираше на првично генерирање на идеи за проекти кои би го подобриле економското опкружување на општината, а кои би претставувале основа за понатамошно реализирање на Визијата и Стратешките цели на Општината Крушево.

## ИЗВРШУВАЊЕ (СПРОВЕДУВАЊЕ) И НАБЉУДУВАЊЕ (СЛЕДЕЊЕ)

Стратешкото планирање само по себе нема да има ефект доколку носителите на локалниот развој и сите заинтересирани страни во сферата на локалниот еконосмки развој во Општина Крушево не превземаат понатамошни активности за реализирање на проектните идеи , односно нивно спроведување во целост.

Поради тоа , потребно е да се спроведат следните понатамошни активности:

1. подготовка на проектната документација за финансирање на проектот;
2. предвидување на средства во Буџетот на општина Крушево
3. аплицирање и водење на преговори со донатори и инвеститори за учество во финансирањето на проектот;
4. мобилизирање на граѓанскиот и бизнис секторот за поддршка и нивно вклучување во проектите.

Интегрираниот план за локален развој на општина Круешево по својата содржина ги опфаќа следните поглавја :

1. Профил на општината
2. SWOT
3. Визија за развој на Општината Крушево
4. Стратешки цели
5. Стратешки приоритети
6. Мерки
7. Активности/проекти

## ПРОФИЛ НА ОПШТИНАТА

### Историја на Крушево

Градот Крушево има широка и длабоко врежана историја со која се препознава и историјата на Република Северна Македонија. Крушево е познато по своето историско минато и културно богатство кое како  вечен спомен ги чува во себе историјата и настаните. Градот со гордост го чува сеќавањето на Илинденското востание, кога се создаде и првата Република на Балканот – Крушевската Република на 2-ри август 1903 год. Од тоа време Крушево како град  има изобилство на споменици и други културно-историски објекти, како на пример споменикот Илинден, откриен на 2-ри август 1974 година на 30 годишнината од Првото заседание на АСНОМ и 71 годишнината од Илинденското востание. Споменикот е симбол на непокорот, борбата и вечниот стремеж на македонскиот народ за национална слобода.

Легендарниот Мечкин Камен претставува епопеја сам за себе и е длабоко врежан во свеста на нашиот човек  како симбол на јунаштво и саможртва. По своите димензии и крвави последици борбата за одбрана на Крушевската Република при „Мечкин Камен” ги надминала не само оние што се воделе околу Крушево туку и насекаде низ Македонија.  Покрај културно-историските споменици, градот изобилува и со стари куќи изградени со посебен  архитектонски стил и затоа Крушево се нарекува и музеј на стара архитектура.

Во Галеријата “Никола Мартиноски” е изложено извонредното ликовно творештво на доајенот на современата македонска ликовна уметност, академикот Никола Мартиноски (1903-1973).

Музејот на НОБ е отворен во 1988 година и во него се сместени експонати кои потсетуваат на НОБ од 1941 до 1945 година.

Во црквата Св. Јован, уште наречена галеријата на стари икони и фрески од Крушевските зографи се изложени највредните дела на 20тина иконописци, фрескописци и резбари познати низ цела Македонија.

Музејот на Илинденското востание и Крушевската Република е сместен во староградска куќа од 19- тиот век во која е прогласена Крушевската Република во 1903 година. Во него хронолошки се изложени највредните документи од настанокот на градот и неговиот бунтовен дух, подготовките и текот на Илинденското востание против турската империја.

**Географска положба на Општина Крушево**

Општината Крушево се простира на југозападниот дел од Република Северна Македонија. Во рамките на општината градот Крушево има централна местоположба и претставува административен, економски и културен центар на општината. Тој се наоѓа на надморска височина од 1250 м, со што претставува  град со највисока надморска височина на Балканот. Општината Крушево е сместена во претежно ридско-планинско подрачје на надморска височина од 600 до 1800 м. Општина Крушево е распространета на ридско-планиски дел, при што ридскиот дел зафаќа 44%, а планинскиот дел 56% од вкупната површина од 201 км².




Обработливата површина зафаќа 6199 ха, или 72 % од вкупната земјоделска површина.

Соседни општини се Кривогаштани и Долнени на исток, Македонски Брод и Пласница на север, Другово на запад, Демир Хисар на југозапад и Могила на југ.

**Општина Крушево располага со следниве природни богатства:**

**Кварц** –со чистота од 97 %– 98 % во реоните на селата Саждево, Јакреново и Селце.

**Боксит** –со чистота од 28 % во реонот на селата Пуста Река, Горно Дивјаци, Долно Дивјаци и Арилево.

**Волфрам** во количини доволни за експлоатација во реонот на селата Пуста Река, Горно Дивјаци, Долно Дивјаци и Арилево.

**Злато** со просечна количина од 15 г/тон, во реонот на с. Пуста Река (рудник експлоатиран во време на римскиот период).[1]

**Климатски карактеристики**

Територијата на општината Крушево, која се простира на ридскопланинско подрачје и на северозападниот дел од Пелагониската котлина, се карактеризира со умерено-континентална клима, со изразито влијание на планинската клима, од запад и котлинската клима, од исток.

Генерално, во градот доминира планинска клима со 2250 часа сончеви часови годишно. Средната годишна температура е 8˚Ц. Најстуден месец е јануари, со средна минимална температура од – 4,8˚Ц, додека најтопол месец е август, со средна

[1] Податоците се земени од испитувањата на извршено од страна на Геодетски Институт – Скопје.

максимална температура од 29,2˚Ц. Средната годишна минимална температура е 2,8˚ Ц и средната годишна максимална температура е 15,8˚Ц.

Просечните врнежи годишно изнесуваат 806 мм.

**Хидрографија**

Територијата на општина Крушево се карактеризира со слаба хидрографска мрежа. Најзначаен водотек претставува реката Црна, која влегува на територијата на општината над селото Бучин, ги собира површинските и ги дренира подземните води. Главни притоки на реката Црна се реките Жаба, Журешница и Селишка река, кои извираат од Крушевската планина. Водостојот на реките е најголем при врнежите и топењето на снеговите, кога тие и се претвораат во порои.

**Вегетација**

Со оглед на тоа што, општината Крушево претежно е средно, до високо планинско подрачје, просторот на целото подрачје е богат со шума и ја претставува Крушевската планина, како дел од Бушовата планина. На самата планина има голем број шумски пасишта, додека оголени делови постојат по благите била. Шумите со кои обилува подрачјето се релативно млади и девастирани и прилично се правилно распоредени, Најпрво започнува појасот на плоскач и цер, потоа се надоврзува појасот на дабовата шума со доминантниот даб горун, за на крај да се простира појасот на буковата шума, со што завршува шумската вегетацијата.

Познати и позначајни букови шуми, кои воедно и се заштитени, како шуми со особени вегетациски вредности, се буковите шуми, во северозападниот дел кон врвот Мусица. Околу самиот град Крушево има вештачко подигнати борови насади и букови шуми (корија).

**Сообраќајна инфраструктура**

**Сообраќајна поврзаност**

Степенот на интегрираност на еден простор, обемот на движење на населението и размената на материјални добра и информации, зависи од квалитетот на комуникациската т.е. сообраќајната поврзаност со просторите во опкружувањето. Општината и градот Крушево сообраќајно се поврзани преку регионалните патни правци П 516 (Прилеп – Крушево – Сладуево) и П 517 (Крушево – Пуста Река – Цер), со магистралните патни правци М4 и М5, а преку нив со надворешната патна мрежа.

Низ територијата на Крушево не поминува магистрален пат. Најблискиот магистрален пат е правецот М5, кој поминува покрај Прилеп.

**Демографски податоци**

Општината Крушево, според бројот на жителите, спаѓа во помалите општини во Република  Северна Македонија.

Во општината, со пописот на населението, домаќинствата и становите од 2021година  утврдено е следното население:

| | |
|---|---|
| Вкупно | 8385 жители |

Вкупно население по возрасни и по пол :

| Возрасна група | вкупно | мажи | жени |
|---|---|---|---|
| 0-4 | 400 | 210 | 190 |
| 5-9 | 506 | 272 | 234 |
| 10-14 | 516 | 261 | 255 |
| 15-19 | 471 | 262 | 209 |
| 20-24 | 503 | 270 | 233 |
| 25-29 | 522 | 274 | 248 |
| 30-34 | 536 | 295 | 241 |
| 35-39 | 481 | 228 | 253 |
| 40-44 | 551 | 281 | 270 |
| 45-49 | 568 | 293 | 275 |
| 50-54 | 528 | 273 | 255 |
| 55-59 | 626 | 325 | 301 |
| 60-64 | 544 | 279 | 265 |
| 65-69 | 571 | 261 | 310 |
| 70-74 | 434 | 226 | 208 |
| 75-79 | 301 | 133 | 168 |
| 80-84 | 193 | 77 | 116 |
| 85+ | 134 | 56 | 78 |

Според пописот од 2021 год. општина Крушево го има следното население по етничка припадност:

| Национална структура | Број | % |
|---|---|---|
| Македонци | 4316 | 51,48 |
| Албанци | 2461 | 29,36 |
| Турци | 283 | 3,37 |
| Власи | 867 | 10,34 |
| Срби | 10 | 0,12 |
| Бошњаци | 108 | 1,28 |
| Роми | - | - |

| | | |
|---|---|---|
| Останати | 340 | 4,05 |
| Вкупно | 8385 | 100 |

Структура на населението според етничка припадност




Поради присуството на Албанско население над 29,36% , Општина Крушево е двојазична општина. Со Одлука на Советот на општина Крушево како службен јазик е прогласен и Влашкиот јазик.

Прегледот на невработени лица според школска подготовка е даден во следнава табела, состојба 30.10.2018 год. [2],

Вкупно работоспособно население на возраст од 15+ години според возраста и економската активност по пол во општина Крушево, попис 2021 година:

| Активно население вработени | | | Активно население невработени | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно | Мажи | Жени | Вкупно | Мажи | Жени |
| 2335 | 1392 | 943 | 463 | 260 | 203 |

| Возрасна група | Активно население вработени | | | Активно население невработени | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно | Мажи | Жени | Вкупно | Мажи | Жени |
| 15-19 | 14 | 10 | 4 | 13 | 11 | 2 |
| 20-24 | 161 | 110 | 51 | 50 | 32 | 18 |
| 25-29 | 265 | 163 | 102 | 49 | 28 | 21 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 30-34 | 300 | 181 | 119 | 46 | 23 | 23 |
| 35-39 | 262 | 142 | 120 | 38 | 20 | 18 |
| 40-44 | 307 | 183 | 124 | 47 | 24 | 23 |
| 45-49 | 299 | 172 | 127 | 38 | 14 | 24 |
| 50-54 | 278 | 160 | 118 | 50 | 29 | 21 |
| 55-59 | 291 | 169 | 122 | 86 | 44 | 42 |
| 60-64 | 133 | 88 | 45 | 45 | 34 | 11 |
| 65+ | 25 | 14 | 11 | 1 | 1 | - |

**Економски карактеристики**

Стопанството во општината Крушево може да се окарактеризира како неразвиено. Статистичките податоци од индустриското производство и од другите стопански гранки од последните години прикажуваат пад, без оглед дали се работи за индустријата, трговијата или друга стопанска дејност. Загрижува податокот за стапката на невработеност која согласно презентираните податоци заклучно со 31.12.2022 година изнесува вкупно 929 лица и тоа во градот 390 и во село 539 лица.

Секундарниот сектор е застапен со неколку помали капацитети од различи области од кои активни се следните:

- Тутунска индустрија СЕКЕ;
- Трикотажа "Фалко";
- Дооел Монтана Палас,
- Хотел Панорама СПА
- Дооел Борче – производство на столарија;
- Дооел Инен Декор – производство на столарија;
- АД Европрофил – производство на композитни профили;
- Еко Шар – производство на млечни производи

Малубројните трговски капацитети, ресторани и приватни сместувачки капацитети во градот, се лоцирани во и околу старата чаршија, која се наоѓа во центарот на градот.

Активни деловни субјекти во општина Крушево според големина, состојба 31 декември 2022 година [3].

[3] Според податиците од Државен завод за статистика, Статистички годишник на Република Северна Македонија, 2022

| **Големина** | **Број** |
|---|---|
| Микро | 141 |
| Мали | 57 |
| Средни | 1 |
| Големи | - |
| Вкупно | 199 |

На следната табела е дадена структурата на деловни субјекти во општина Крушево, состојба 31 декември 2022 година. [4]

| Ред. Бр. | Стопански сектор | Број на регистрирани субјекти |
|---|---|---|
| 1 | Земјоделство, шумарство и рибарство | 5 |
| 2 | Рударство и вадење на камен | 0 |
| 3 | Преработувачка индустрија (производство на прехранбени производи и пијалоци, производство на тутунски производи, текстилни ткаенини, штавење, доработка и производство на кожа, производство на куфери, торби и обувки, преработка на дрво и производи од дрво, производство на целулоза, хартија и производи од хартија) | 22 |
| 4 | Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација | 0 |
| 5 | Снабдување со вода, отстранување на отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околината | 1 |
| 6 | Градежништво | 7 |
| 7 | Трговија на големо и мало, поправка на моторни возила и мотоцикли | 69 |
| 8 | Транспорт и складирање | 24 |
| 9 | Објекти за сместување и сервисни дејности со храна | 21 |
| 10 | Информации и комуникации | 5 |
| 11 | Финансиски дејности и дејности на осигурување | 0 |
| 12 | Дејности во врска со недвижен имот | 0 |
| 13 | Стручни, научни и технички дејности | 9 |
| 14 | Административни и помошни услужни дејности | 3 |
| 15 | Јавна управа и одбрана, задолжително социјално осигурување | 2 |
| 16 | Образование | 4 |
| 17 | Дејности на здравствена и социјална заштита | 10 |
| 18 | Уметност, забава и рекреација | 8 |
| 19 | Други услужни дејности | 9 |
| 20 | Дејности на домаќинствата како работодавачи, дејности на домаќинствата кои произведуваат разновидна стока и вршат различни услуги за сопствени потреби | 0 |
| 21 | Дејности на екстратериторијални организации и тела | 0 |
| Вкупно | | 199 |

Во општината има 2335 регистрирани вработени во сите сектори како и регистрирани индивидуални земјоделски производители.

[4] Според податиците од Државен завод за статистика, Статистички годишник на Република Северна Македонија, 2022

Согласно податоците од Државниот завод за статистика и податоците добиени од Министерството за земјоделие – подрачна единица ПЕ , најразвиена гранка од сточарскот производство во општина Крушево е говедарството, особено одгледувањето на молзни крави и овчарството, по што следува одгледувањето на живина и свињарството. Податоците за бројната состојба со добитокот, живина и пчелни семејства во Пелагонискиот регион и во Општина Крушево се дадени во следните две табели:

| | Коњи | Говеда | Свињи | Овци | Кози | Живина | Пчелни семејства |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Пелагниски регион | 453 | 40810 | 25143 | 102171 | 3189 | 492428 | 15 523 |

Вкупен број на добиток, живина и пчелни семејства во Пелагониски регион[5]

| | Коњи | Говеда | Свињи | Овци | Кози | Живина | Пчелни семејства |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Општина Крушево | 80 | 1300 | 300 | 6500 | 300 | 1000 | 3750 |

Вкупен број на добиток, живина и пчелни семејства во Општина Крушево[6]

Од зеленчукот најзастапено е производството на кромид и пиперка, додека од индустриски растенија најзастапено е производството на тутун. Останатите индустриски растенија се одгледуваат на незначителни површини.

| Општина Крушево | Зеленчук | | | | | | | | цвеќе и украсни растенија |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | вкупно | домати | пиперки | крставици | грав | компир | кромид | друго* | |
| | 171 | 10 | 60 | 1 | 10 | 15 | 59 | 13 | 3 |

Површина на зеленчук, цвеќе и украсни растенија, во хектари [7]

Друго*: лук, морков, зелка, лубеници, дињи, јагоди, друг зеленчук

| | вкупно | пченица | сончоглед | пченка | тутун | јачмен | други инд.устриски растенија |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Општина Крушево | 1853 | 500 | 1 | 200 | 1000 | 150 | 2 |

Површина на индустриски растенија, во хектари[8]

**Индустриска зона ОПАЛЕНИК**

Постои планска документација подготвена за индустриската зона ОПАЛЕНИК која се наоѓа во близина на регионалниот пат Прилеп – Крушево кај селото Алданци. Парцелите може да бидат наменети за производство, дистрибуција и сервиси, или поточно:

---

[5] Вкупен број на добиток, живина и пчелни семејства, по региони ДЗС до 31 декември 2022
[6] Според податоците на МЗШВ на РМ - подрачна единица Крушево од 2022 година.
[7] Според податоците на МЗШВ на РМ - подрачна единица Крушево од 2022 година.
[8] Според податоците на МЗШВ на РМ - подрачна единица Крушево од 2022 година.
Извор Државен завод за статистика

- Лесна незагадувачка индустрија
- Услуги
- магацини

Од вкупно осум предвидени парцели, шест се веќе во спостевеност на тутунската индустрија СЕКЕ, погоните се изградени и истите се ставени во функција. Процентот на изграденост во рамките на една парцела е 40 до 60% и истиот го покажува процентот на градежното земјиште што може да бидат покриени со згради. Постојат уште 2 (две) парцели во индустриска зона со површина на парцела, како што е прикажано во табелата подолу во текстот.

Парцелите наведни подолу беа предмет на изготвување на АУП за спојување, односно окрупнување, па така парцелиет 1.1. и 1.2. по овој основ се споени:

| Број на парцела | Површина на парцела во м2 |
|---|---|
| 1.1. | 18507,00 |
| 1.2. | 14505,00 |

а за кои веќе има голем интерес за нивно откупување. Општина Крушево ќе обезбеди бенефиции за потенцијалниот инвеститор, а се однесуваат на ослободување од локални даноци и такси. Поради зголемениот интерес за нови инвестиции се планира проширување на индустриската зона со изготвување на нов урбанистички план.

Туризмот како стопанска гранка зазема важно место во структурата на стопанството во Крушево. Градот располага со хотелите:

| **Хотел/Сместувачки капацитет** | **Број на легла** |
|---|---|
| Хотел Монтана | 220 |
| Хотел Панорама СПА | 70 |
| Хотел Илинден – во реконструкција | 150 |
| Детско одморалиште Бегова корија | 150 |
| Приватни сместувачки капацитети | 535 |
| Манастирски конаци | 80 |

Капацитети за угостителство во општина Крушево, според статистички податоци заклучно со 2022.

| | |
|---|---|
| Број на угостителски објекти | 15 |

| | |
|---|---|
| Број на седишта | 605 |
| Површина на објектите во м2 | 883 |

Сите овие капацитети се претежно пополнети во летните месеци, особено јуни, јули и август, зимскиот период, за Новогодишните празници, зимскиот распуст и викендите. Туризмот во општина Крушево претежно е базиран на искористување на полетиштето за параглајдери, користење на пешачките и велосипедските патеки, скијачките капацитети на ски центарот Станич, додека во помал обем е опфатен со организација на семинари и планински туризам.

Алтернативниот туризам може да се дефинира како голема можност за развојот на општината. Бројните манифестации кои се организираат во Крушево во текот на целата година го прават Крушево препознатлива дестинација за разновидна туристичка понуда во текот на целата година. Истиот, се мисли на алтернативните форми на туризам, има за цел да ја подобри заштитата и промоцијата на богатото културно наследство во Крушево, па така да се стумулира развојот на туризмот и културата со крајна цел придонес кон одржливиот развој на градот и општината.

